# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 10 | Понеделник, 19 јуни 2006 год. |
|---|---|


**С о д р ж и н а**


**Совет на општина Струмица** Стр.

**87. Одлука** за спроведување и извршување на јавни набавки ....................................... 150

**88. Заклучок** за утврдување на Нацртот за изменување и дополнување на Генералиот урбанистички план на град Струмица .................................................. 150

**Градоначалник на општина Струмица:**

**89. Одлука** за организирање на стручна расправа по Нацртот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица ... 151

**90. Решение** за формирање на Стручна комисија за изработка на извештај по стручната расправа на Нацртот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица .................................................. 151

**91. Решение** за формирање Општинско тело за образование во општина Струмица……………….……………………. 151


---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
За објавување на Одлуката за спрове-дување и извршување на јавни набавки

1. Се објавува Одлуката за спроведување и извршување на јавни набавки, донесена на седницата на Советот

на општина Струмица, одржана на 15.06.2006 година.

Број 08-3890/2 Градоначалник
16.06.2005год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

............................

**87.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица -пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.06.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за спроведување и извршување на јавни набавки**

Член 1

Јавните набавки кои треба да ги врши општина Струмица, а се предвидени во Програмата за јавни набавки на општина Струмица, да ги врши и спроведе ЈПКД "Комуналец" Струмица на начин и постапка согласно Законот за јавни набавки.

Член 2

Извршувањето на работите и спроведувањето на јавните набавки од член 1 на оваа Одлука ЈПКД "Комуналец" Струмица да ги врши за сите дејности за кои е формирано, под услови извршувањето на работите да го врши со сопствена работна сила и сопствена опрема.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-3890/1 Совет на општина Струмица
15.06.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

..................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
За објавување на Заклучокот за утврдување на Нацртот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на гр. Струмица

1. Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацртот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 15.06.2006 година.

Број 08-38882 Градоначалник
16.06.2005год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.................................

**88.**

Врз основа на член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" број 51/05) и член 20 од Статутот на општина Струмица (пречистен текст "Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 15.06.2006 година, донесе

**З а к л у ч о к**

1. Се утврдува Нацртот за изменување и дополнување на Генералиот урбанистички план на град Струмица.

2. Овој заклучок влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-3888/1 Совет на општина Струмица
15.06.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

## 89.

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**О д л у к а**
**за организирање на стручна расправа по Нацртот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица**

Член 1

Се организира стручна расправа по Нацртот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица утврден од Советот на општина Струмица со заклучок број 07-3888/1 од 15.06.2006 година.

Стручната расправа ќе се одржи на ден 20.06.2006 година (вторник) во 13,00 часот во просториите на Дом на АРМ – Струмица.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 08-3888/2 Градоначалник
15.06.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

......................................

## 90.

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05) и член 39 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Стручна комисија за изработка на извештај по стручната расправа на Нацртот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица**

1. Се формира Стручна комисија за изработка на извештај по стручната расправа на Нацртот за изменување и дополнување на Генералниот урбанистички план на град Струмица, во состав:
- Стојан Динев – претставник од донесувачот на Планот;
- Владанка Бочварска – претставник од изготвувачот на Планот;
- Томе Тимов – научен и стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

2. Се задолжува Стручната комисија да изработи извештај со записник од расправата и посебно образложение за прифатените и неприфатените забелешки од стручната расправа.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се обајви во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број 08-3888/3 Градоначалник
15.06.2006 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

..............................

## 91.

Врз основа на член 33 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 38/05), член 63 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 05/02) и член 39 став 1 алинеја 15 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06), донесувам

**Р е ш е н и е**
**за формирање Општинско тело за образование во општина Струмица**

1. Се формира Општинско тело за

образование во општина Струмица, составено од:

а) **Зоран Узунов**, овластен општински просветен инспектор - претставник од општина Струмица;

б) **Петар Киров**, советник за образование- претставник од општина Струмица;

в) **Гордана Манчева**, наставник во ОУ “Никола Вапцаров” - Струмица

г) **Катерина Стефчова**, наставник во ОУ “Видое Подгорец”- Струмица

д) **Аце Стојанов,** претставник од НВО “Златен Македонски Орел” - Струмица

2. Општинското тело за образование има задача да воспостави партнерство помеѓу општината, основните училишта и невладиниот сектор, со цел за унапредување на квалитетот во образованието и решавање на проблемите од оваа област.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 08-3795/1 Општина Струмица
09 06.2006 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.